Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 27.09.2023

На 26.09.2023 во Битола, полициски службеници од криминалистичката полиција на СВР Битола го лишиле од слобода Н.Т.(22) од Битола. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Лицето било приведено во полициска станица и по целосно документирање на настанот ќе следува соодветна пријава.

На 26.09.2023 во 11.45 часот во Валандово, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Валандово го лишиле од слобода В.З.(48) од Валандово. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, воздушна пушка, два детектора за метал и семки од растението канабис. За настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Гевгелија и по целосно документирање на случајот против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.09.2023 во с.Дебреште, прилепско, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода И.И.(53) од с.Дебреште. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени пиштол калибар 7.65 мм, рамка за пиштол калибар 7.65 мм и други предмети. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на настанот против него ќе следува соодветна пријава.

На 26.09.2023 во 15.45 часот во с.Сенокос, тетовско, со судска наредба, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го привеле 42-годишниот Х.Х. од село Сенокос за издржување затворска казна. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 26.09.2023, по преземени мерки и по распишана телеграма, полициски службеници од ЕВР Центар и бит Пазар лишиле од слобода еден малолетник од Скопје и еден малолетник од Струмица, сместен во установа за згрижување деца во Козле. Тие се сомничат дека во периодот од 04.09. до 26.09.2023 извршиле неколку кривични дела „тешка кражба" на подрачје на Карпош. Двајцата биле задржани во полициска станица и во службен разговор со полициски службеници признале три кривични дела, а тоа на 04.09.2023 на ул.„Никола Парапунов" извршиле тешка кражба во правен субјект, на 26.09.2023 извршиле тешка кражба во пекарница, а одделе и два велосипеда, сопственост на еден лице. По целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против нив ЕВР Карпош ќе поднесе соодветна пријава.

По преземени мерки и активности, полициски службеници од Единицата за насилен криминал при СВР Скопје на 25.09.2023 ги лишиле од слобода Ф.В.(25) и А.Ф.(33), двајцата од Скопје. Тие се сомничат дека на 20.09.2023 во продавен објект кај арената „Тоше Проески" физички го нападнале вработениот А.В. од Скопје. Двајцата биле задржани во полициска станица и во службен разговор со полициски службеници ги признале делото. Во координација со јавен обвинител против нив е поднесена кривична пријава, а од страна на судија на претходна постапка определена им е мерка домашен притвор.

Полициски службеници на СВР Тетово вчера (26.09.2023) целосно расчистиле пет кражби извршени во текот на овој месец, а за кои е осомничен малолетник од тетовско Селце. Кај него биле пронајдени и од него родонина одземени четири велосипеди и еден електричен тротинет, кои им биле вратени на сопствениците. По целосно документирање на случаите, против малолетникот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.09.2023 во 19.35 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Аеродром го лишиле од слобода М.К.(21) од Струмица, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (26.09.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционираме се 196 возачи. Од нив девет возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а четири возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 103 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 93 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (26.09.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 183 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина тет санкции, 12 мерки за возење без возачка дозвола, 15 санкции за користење на мобилен телефон при управување возило, 28 мерки за прекршоци или ги прават лешарите...

На 26.09.2023 во периодот од 11.00 до 16.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спроведоа контрола на автобуси, комбиња и патнички возила кои учествуваат во превозот на патници на тетовско-гостиварското подрачје. При контролата биле откриени и санкционирани 5 (ТЕ-3 и ТВ-2) возила, односно комбиња кои врашле јавен превоз без потребните документи и на возачите им биле изготвени поднесоци по член 284-а од Кривичниот законик. Санкционирани, исто така, биле и уште 2 возила, едното (ТВ) со неисправни сопирачки и второто (ТВ) кое било без извршен технички преглед, како и 11 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-8 и ТВ-3).

На 26.09.2023 во 15.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул.„Благоја Паровски" и ул.„Никола Живковски" во Скопје, молка со скопски регистарски ознаки, управуван од малолетник од Скопје, удрил во пешачот А.А.(84) од Скопје. Во несреќата пешачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од умавна екипа од СВР Скопје.

На 26.09.2023 во 01.10 часот во СВР Скопје, З.Н.(58) од Скопје пријавил дека во Мајор Мавло бил каснат од куче скитник.

На 26.09.2023 во 17.15 часот во Полициската станица Гази Баба, С.С.(42) од Скопје пријавила дека на ул.„Разлошка" нерзината малолетна керка била каснатa од куче скитник.

Денеска (27.09.2023) во 11.30 часот полициски службеници од РЦ за ГР Југ- ПС за ГП и ГН Богородица во близина на бензинска пумпа на автопат А1, кај Гевгелија, го лишиле од слобода И.М.(41) од Струга, кој со товарно возило „Ивеко" со охридски регистарски ознаки, превезувал 33 мигранти. Известен е јавен обвинител од ОЈО за ГОКК Скопје и против возачот ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

Денеска (27.09.2023) во 14.00 часот на ул.„Борис Трајковски" полициски службеници од Оперативен тим потрати при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Ј.(41) од Скопје. Тој бил баран со потерница по наредба на Основен кривичен суд-Скопје за издржување казна затвор, а во врска со сторено кривично дело по чл.386 од Кривичниот законик. Д.Ј. ќе биде предаден на надлежната казнено - поправна установа за издржување на казната.

Денеска (27.09.2023) во 10.00 часот во Полициската станица Карпош биле повикани А.З.(18) и уште тројца малолетници, сите од С.Снегелник, скопско, поради сомнение дека на 26.09.2023 околу 03.35 часот во двор на следниот училиште на подрачјето на Карпош физички нападнале давајца малолетникот. Со ниа бил извршен службен разговор во присуство на нивните родители, известен е јавен обвинител и по целосно документирање на случајот ќе следи соодветна кривична пријава.

На 26.09.2023 во периодот од 14.00 до 22.00 часот, полициски службеници од криминалистичката полиција на СВР Битола и Полициската станица за безбедност на сообраќајот на патиштата при СВР Битола извршиле контрола на товарни возила на повеќе локации во Битола. Притоа, на ул.„Довлијан" во Битола, при контрола на товарно возило „мерседес" со регистарски ознаки од Македонски Брод, управувано од З.М.(40) од Македонски Брод, било констатирано дека превезува огромно дебо без соодветна документација. Дрвата биле предадени на Шумска полиција за понатамошна постапка, а по целосно документирање на случајот против лицето ќе следува соодветна пријава.

Денеска (27.09.2023) во 10.00 часот кај влезот во Гевгелија полициски службеници од РЦ за ГР Југ- ПС за ГП и ГН Богородица го привеле В.Р. (57) од Скопје, поради сторено кривично дело вршење јавен превоз без лиценца, по чл. 284А од КЗ на РСМ. В.Р. со патничко моторно возило „опел зафира" превезувал лица иако немал лиценца за тоа. Известен е јавен обвинител од ОЈО Гевгелија и по документирање на случајот, ќе биде поднесена кривична пријава.

СВР Велес - Отсек за недозволена трговија со дрога и оружје поднесе кривична пријава против Б.Д.(24) од село Долно Јаболчиште, општина Чашка, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". На 11.09.2022 на свадбена веселба село Горно Јаболчиште, приведениот од автоматска пушка испукал повеќе куршуми, за што била пуштена снимка на социјалната мрежа Фејсбук.

Денеска (27.09.2023) околу 11.00 часот полициски службеници на СВР Тетово ги привеле М.Ф.(23) и А.Ш. (19) од Ташкистан и И.Т.(20) од Пакистан, кои биле приведени дека околу 10.00 часот, во кругот на Универзитетот на Југоисточна Европа, меѓусебно физички се пресметувале. Во пресметката, според приведеното, учествувал и Х.Т.(21) од Пакистан, кој се здобил со повреди и Кој бил пренесен во тетовската Клиничка болница за ужакужање на лекарска помош. По целосно документирање на случајот против инволвираните, кои се студенти на овој Универзитет, ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 26.09.2023 во 16.10 часот полициски службеници од Полициската станица Штип по распишана потерница го лишиле од слобода С.И.(30) од Штип. Тој бил спроведен во затвор Струмица за доиздржување на казна затвор за сторено кривично дело „тешка кражба".

Полициски службеници од РЦ за ГР Југ- ПС за ГП и ГН Богородица заедно со припадниците на ФРОНТЕКС го пронајдоа С.И. (21) од Франција, кој во својата земја бил приведен за исчезнат. Тој бил затекнат при влегување влез на територија на Република Северна Македонија и дал лажен исказ за личните податоци. Но, по дополнителни проверки во соработка со Секторот за меѓународна полициска соработка, на 27.09.2023 е добиена потврда од француските власти дека станува збор за С.И., француски државјанин, кој во својата земја се води како исчезнат од 11.03.2023. Лицето, согласно законските регулативи, ќе биде предадено на семејството.

На 26.09.2023 во 16.30 часот на улица „Видое Смилевски-Бато" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ја привеле 44-годишната Ф.Ќ. од Република Косово, поради сомнение дека непријавено престојувала на подрачјето. Таа е задржана во Полициската станица Тетово за натамошна постапка.

На 26.09.2023 во 09.40 часот во ОВР Кочани, С.А.(57) од Кочани пријавил дека околу 09.00 часот во менувачница на ул. „Тодорџија Паунов" во Кочани, В.Н од с.Облешево, Општина Чешиново – Облешево, при размена на евра во денари приложил 3 банкноти во вредност од по 500 евра, меѓу кои и еден сомнителна банкнота, со намера да ја пушти во оптек како вистинска. Полициски службеници од ОВР Кочани ја одзеле банкнотата за понатамошна постапка. Се работи на документирање на случајот, по што ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.03.2023 во СВР Битола, Б.Б.(54) од Битола пријави дека во с.Могила, битолско, бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Е.М.(37) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 21.09.2023 во Кочани приведениот, по претходна расправија со С.М., физички го нападнал, по што му одзел 12.300 денари.

На 26.10.2023 околу 08.30 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека на ул.„Ленинова" во Кичево настанал пожар во куќа сопственост на П.М.(64) од Кичево. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Кичево, а повредени лица нема.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.Ј.(51) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластувања". Приведениот, раководител на служба во Јавна здравствена установа во Куманово, искористувајќи ја својата службена положба и овластување изготвила потврда на име на дете, каде во вакцинален статус навела дека детето има пренежно варичела, но од друга страна лекарите немале податоци за здравствената состојба на детето, врз чија основа би можеле да издадат потврда, со цел да се избегне казна за родителот чие дете не било вакцинирано.

На 26.09.2023 во 13.00 часот, полициски службеници од Полициското одделение Шуто Оризари го лишиле од слобода Д.Б.(22) од Скопје, поради сомнение дека утрото, на подрачјето на Шуто Оризари, се соблекувал пред малолетничка од Скопје. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против С.Г.(60) од с.Смојниково, беровско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „запуштање и малтретирање на малолетно дете". На 07.06.2023 пријавената, настанвик во основно училиште во Берово, во просторните на училиштето во работно време, вербално и физички нападнала малолетник.

На 26.09.2023 во 12.30 часот во СВР Скопје, Б.В.(23) од Скопје пријавил дека околу 11.00 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од В.С.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против В.М.(41) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторени три кривични дела „кражба", „фалсификување знаци за обележување на стоки, мери и тегови" и „фалсификување службена исправа". На 10.08.2023 пријавениот бил затекнат на магистралниот пат Охрид-Кичево, во близина на с.Климештани, со товарно возило на кое имало огревно дрво-бука, испратница, чекан за жигосување на дрвата и шишиња со цврста боја. Пријавениот дрвата нелегално ги исекол и украл, а испратницата ја фалсификувал и ја користел за превоз на дрвна маса, прикажувајќи дека наводно е уредно издадена од ЈП „Национални шуми", а со чеканот ја жигосувал дрвната маса, сакајќи да прикаже дека дрвата потекнуваат од склад.

На 26.09.2023 во Полициското одделение Новаци, Б.С.(59) од с.Новаци пријавил дека во близина на РЕК Битола бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против М.З.(36) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет нарконтски дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 08.07.2023 во 19.45 часот во кичевско, од извршен преглед на приведениот бил пронајден и одземен кокаин.

На 26.09.2023 во 08.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека кај паркот во населбата Хром бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.М.(30) и М.М.(57) од една страна и М.С.(19) од друга страна, сите од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 26.09.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 27 прекршоци, од кои 25 во населено место и 2 надвор од населено место. Санкционирани биле и 21 другиви видови на прекршоци, од кои 10 за управување возило без возачка дозвола, 1 за технички неисправно возило, 1 за нерегистрирано возило, 4 за некорректне сигурносен појас и 5 за нетрпонисто паркирање.

На 26.09.2023 во 20.34 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека кај нив со повреда од остар предмет бил донесен И.К.(45) од Скопје. Во службен разговор со полициски службеници, И.К. пријавил дека околу 19.30 часот на подрачјето на Карпош едно лице се обидело да му ја одземе чантата, но откако не успеало го повредило со остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

НККР Свети Николе поднесе кривична пријава против А.Д. (34) од Свети Николе, за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластувања". Приведениот на 19.11.2020, како тогашен директор на ЈКП „Комунален" во Свети Николе, ја злоупотребил својата службена положба на начин што донел одлука за јавна набавка на интегриран паркинг менаџмент систем за отворени и затворени паркиња во Свети Никола и негова монтажа во вредност од 6.700.000 денари. По спроведената постапка за јавна набавка, откако изведувачот ја извршил набавката и монтажата на интегрираниот паркинг во 2021 година доставил фактура за наплата во износ од 5.100.990 денари без ДДВ, но истиот не бил ставен во употреба. Во 2022 година инвеститорот и изведувачот стапале во договори за одреден несогласувања, како резултат на што сумата била намалена на 3.511.184 денари со ДДВ, по што изведувачот деконтирал дел од поставената опрема, а фактурирал други изведени работи. На овој начин нанесена е штета на буџетот на јавното претпријатие, а била овозможена противправна имотна корист на правно лице од Скопје во вредност од 3.511.184денари.

На 27.09.2023 во 00.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека подрачјето на Ѓорче Петров во Скопје, две лица пукале кон А.В.(31) од Скопје и ну нанеле прострелна рана. Од пукањето било оштетено и едно паркирано возило „цитроен". А.В. бил пренесен во Градската општа болница „8 Септември" за ужакужани помош, а увид на местото извршила екипа на СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против О.К.(57) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". На имот катастарски означен, без да поседува одобрение за градба издадено од надлежен орган, приведениот како сопственик изградил објект А1-донувале во станбени куќи.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет